УДК 811.163.3'28(049.3)
УДК 811.163.3'282.4(495.6)(049.3)

Марјан Марковиќ
Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ – Скопје
Македонска академија на науките и уметностите
markovic@ukim.edu.mk

# ДЛАБОКА ДИЈАЛЕКТОЛОШКА ЕКСПЕРТИЗА

(Васил Дрвошанов. *Дијалектолошки анализи*.
Скопје: Бата прес милениум, 2021)

Со ова најново дијалектолошко критичко издание, проф. д-р Васил Дрвошанов ја продолжува својата извонредно богата низа на трудови и монографии посветени на македонската дијалектологија. Дрвошанов, постојано држејќи се до строгите научни критериуми придружени од особената страст кон дијалектолошките истражувања, со десетлетија го одржува континуитетот и ги негува високите стандарди поставени од неговиот и наш учител, акад. Божо Видоески. Во особено богатиот научен опус на проф. д-р Васил Дрвошанов, вреди да се издвојат монографиите посветени на македонската дијалектологија, а кои го потврдуваат горенаведенето: *Кајларскиот говор* (1993), *Дијалектолошки студии* (2001), *Анатомска лексика за човекот во македонските говори* (2005), *Кон роднинската терминологија на горанскиот говор* (2013), *Македонистички студии за Егејот* (2014).

Во трудот *Дијалектолошки анализи*, Васил Дрвошанов приведува десет прилози кои всушност претставуваат негови критички осврти и рецензии на некои од најважните дела на македонските дијалектолози објавувани во период од скоро триесетина години. Се работи за збирка прилози кои меѓусебе се разнородни според обемот и внатрешната организација. Според обемот, тие се движат од 3 до 30 страници, а според внатрешната организација, некои од прилозите ги одбележуваат најважните компоненти во анализираното дело, а некои даваат длабински опис на анализираната монографија. Но, како што наведува и самиот автор во предговорот, овие прилози се пишувани во различни временски периоди и за различни потреби, а често нивниот обем бивал ограничен од издавачите на анализираните монографии. Сепак, таа разноликост на ниту еден начин не ја намалува ниту вредноста на опишуваните монографии, ниту вредноста на прилозите на авторот.

Низ сите прилози на Дрвошанов провејуваат неколку заеднички нишки – покрај основната обединувачка тема (дијалектологијата), тука би ја навеле и внимателноста на авторот кон географската распространетост на говорите кои се анализираат во овој труд, а секако, еден од најважните обединувачки елементи е високиот научен пристап и длабоката дијалектолошка експертиза на авторот проткаени со неговиот уникатен пишувачки стил што помага овој труд да биде особено податлив не само за научната, туку и за пошироката читателска публика. Таа нишка, а на моменти и привлекувачки фактор за пошироката јавност, најдобро се огледа во дел од насловите на прилозите: *Опстоен дијалектолошки труд, Долговековна опстојба на македонските дијалекти Поливалентен дијалектолошки труд, Неодминлив дијалектолошки труд, Неисцрпно дијалектно богатство*,...

Како што е спомнато погоре, низ трудот провејуваат високиот научен стил и особено длабоката експертиза на Дрвошанов во однос на дијалектолошката проблематика. Тука вреди да се спомене дека и самата работа врз дијалектна монографија, а и воопшто описот и анализата на една таква монографија, во себе подразбира опис и анализа на еден цел микро-јазичен систем кој ги вклучува сите јазични нивоа. Тоа се однесува на фонетско-фонолошкото ниво, на морфологијата и морфосинтаксата, а често и на лексичкиот систем. Токму при неколкуте такви анализи (на трудовите *Кичевскиот говор, Беровскиот говор, Еницевардарскиот говор,* како и *Кривопаланечкиот говор*), Васил Дрвошанов ни дава неверојатно детален увид во опишуваните монографии и нè воведува длабоко низ сите јазични нивоа. Со тој пристап, Дрвошанов вложува огромен труд и го користи сето свое знаење за да му ја долови на читателот не само суштината на трудот, туку и да даде свој личен научен печат во прилогот. Со таквиот пристап, тој постига две цели – на научната и експертската јавност ѝ овозможува по релативно пократок пат да дојде до сериозни научни сознанија за соодветниот говор, а на пошироката читателска јавност ѝ овозможува да се запознае со неверојатното богатство на македонските дијалекти, и сето тоа пак проткаено со препознатливиот и особен стил на авторот.

И во подолгите прилози каде што е опишан целиот јазичен систем на соодветниот говор, а и во пократките прилози каде што акцентот е ставен на важноста и општите карактеристики на опишуваната монографија, јасно се огледа една благородна намера на авторот, а тоа е силно да ја пренесе својата научна и лична страст кон дијалектологијата до експертската и научната публика. Исто така, низ прилозите на Васил Дрвошанов провејуваат потребата и желбата што поверно

да го претстави и да го доближи огромното богатство на македонските дијалекти до сите оние кои ќе ја фатат в рака оваа негова книга. Тоа нè доведува до констатацијата дека се работи за автор кој не само што е одличен проучувач на македонските дијалекти, туку е страстен и самопрегорен научник кој спаѓа во самиот врв на македонската дијалектологија. Умешноста и експертизата на Васил Дрвошанов вткаени во овој труд, не само што ја збогатуваат науката за македонскиот јазик и неговите дијалекти, туку во огромна мера ја збогатуваат лингвистиката, а со тоа и нејзината популаризација и достапност до јавноста.